МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16-е став (3) од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ ЗА СКЛАДИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА БРАШНОТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот за складирање и чување на брашното.

## Член 2

(1) Складирањето на брашното се врши во простор за натовар и истовар, во складишни простории за чување на пакувано брашно и/или во процесот на производство во силоси.

(2) Во просториите во кои се чува брашното не смеат да се чуваат стоки кои би можеле штетно да влијаат врз квалитетот или хигенската исправност на истото.

## Член 3

Просторот за натовар и истовар за складирање на брашното треба да биде:

- изграден од цврст незапалив материјал кој спречува појава на влага, лесно се чисти и одржува, односно е погоден за чистење, дезинфекција и дезинсекција;

- заштитен од влез на инсекти, птици и глодари;

- обезбеден со природно или вештачко осветлување и проветрување и

- обезбеден со опрема со која се врши манипулирање со брашното.

## Член 4

Складишните простории за чување на пакувано брашно треба да се:

- изградени од цврст незапалив материјал кој спречува појава на влага, лесно се чисти и одржува, односно е погоден за чистење, дезинфекција и дезинсекција;

- заштитени од влез на инсекти, птици и глодари и

- обезбедени со природно или вештачко осветлување и проветрување.

## Член 5

Складишните простории за чување на брашно во силоси покрај условите од член 4 на овој правилник треба да бидат обезбедени и со:

- посебна просторија која е градежно и технички во функционална состојба;

- функционален систем за мерење на температурата во сите нивоа на силосните ќелии и систем за регистрирање на мерните податоци;

- соодветна транспортна опрема за ускладиштување и

- средства и алати за чистење на силосите.

## Член 6

(1) Брашното се складира во суви и ладни простории со температура до максимум 25 оЦ и влага до максимум 65%.

(2) Вреќите со брашно не треба да се ставаат непосредно на под и до ѕидови.

(3) Вреќите со брашно треба да се редат накрст, во редови, и тоа на соодветна височина така што да има место за складишно манипулирање и вентилација.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.02-346/4 | Министер за земјоделство, |
| 17 јануари 2014 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |